# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ/НАСЛОВЕН ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ОТОРИНОЛАРИНГОЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр. 2002-221/24 од 1.11.2018 година донесена на 207. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 1.10.2018 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во насловно звање насловен доцент/насловен вонреден професор за наставно-научната област *оториноларингологија* на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Нова Македонија” и „Лајм“ на 31.8.2018 година и во предвидениот рок се пријави Весна Петреска-Дуковска (доктор на медицински науки, специјалист по оториноларингологија).

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки да му го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

Кандидатката **д-р Весна Петреска-Дуковска** е родена во Охрид, каде што ги завршува основното и средното образование со одличен успех. Додипломски студии завршува во 2007 година на Медицинскиот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Р. Македонија, со просечен успех 8,56.

Во април 2008 година се запишува на специјализација по оториноларингологија и хирургија на глава и врат при Клиниката за уво, нос и грло, Клинички центар – Скопје. Во април 2012 година се стекнува со звање специјалист по оториноларингологија и хирургија на глава и врат. Од јуни 2012 година работи во ПЗУ „Ремедика“ како специјалист оториноларинголог.

Од 2012 до 2017 година завршува докторски студии со просечен успех 9.7 и успешно ја одбранува својата докторска дисертација со наслов „*Аденотонзилотомија наспроти класична тонзилоаденоидектомија во решавање на горно опструктивниот синдром кај децата евалуирани со полисомнограф*” под менторство на проф. д-р Ацо Димов на Медицинскиот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Од вработувањето зема активно учество во секојдневната клиничка пракса, со посебен интерес на новите оперативни пристапи со ендоскопска и ласерска хирургија.

За време на специјализацијата и потоа остварува бројни едукативни престои во странство и е активен учесник на стручни состаноци во земјава и надвор од неа: Повеќекратни неколкунеделни интензивни едукативни престои во Загреб, Хрватска, КБЦ „Сестре Милосрднице“ за минимално инвазивна ласерска хирургија на глава и врат (ноември 2009 г., декември 2010 г., ноември 2011 г., декември 2012 г.);

- Стручен престој УКЛ „Монтгодине“, Намур, Белгија, за роботска хирургија на глава и врат (3-12 март 2013 г.);

- Едукативен престој во АКХ, Виена и Грац, Австрија, за Функционална ендоскопска синусна хирургија (4-6 март 2014 г., 8-11 март 2016 г.);
- Повеќекратен престој во Нови Сад, Србија, за микроларингоскопска хирургија (март 2009 г., март 2011 г., март 2013 г.)<
- Учествувала со бројни презентации на национални и меѓународни kонгреси.

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање насловен доцент /насловен вонреден професор***

1. Доктор на науки од областа на оториноларингологија.
2. Специјалист по оториноларингологија со 6,5 години работно искуство по стекнувањето на специјалистичко звање и 11 години со научен степен доктор по медицина од соодветната област.
3. Остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и на втор циклус за секој циклус посебно (интегрирани студии по општа медицина со просек 8.56 ).
4. Објавени најмалку четири научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации.

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Години на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1 | **Petreska-Dukovska V**., Dimov A. | "Adenotonsillotomy versus adenotonsillectomy in management of upper airway obstructive syndrome in children evaluated by polysomnography" | Journal of Macedonian Association of Physiologist and Anthropologist - Physioacta, 11(3): 29-39, 2/17 | 2017 |
| 2 | **Petreska-DukovskaV,,** Dimov A. | "Management of upper airway obstructive syndrome in children" | MMP, Journal of the Macedonian Medical Association: 71(3): 153-159, 2017 | 2017 |

5. Или два научни труда во научно списание со импакт фактор во последните пет години:

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Импакт фактор |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Trajkova S, Cevreska L, Stojanovic A, Ivanovski M, **Petreska-Dukovska V**, Popova-Labacevska M, Panovska-Stavridis I. | "Role of prognostic nomogram and survival index in prognosis and the outcome of patients with chronic lymphocytic leukemia"- A single center experience | World Journal of farmaceutical and medical research, WJPMR, 2018,4(9), 80-87 | 3.0 |
| 2 | **Petreska-Dukovska V,** Teovska-Mitrevska N | "Case report : Treatment of Rhinophyma with Erbium : YAG Laser" | Dermathology Therapy, 2018 ID DTH – 18-0323 | 1.58 |

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

***Трудови објавени во научни списанија во периодот од 2012 до 2018 година***

Кандидатката д-р Весна Петреска-Дуковска во периодот од 2012 до 2018 година има објавено четири научноистражувачки трудови во меѓународни списанија од кои два се со импакт фактор.

1. **Petreska-Dukovska Vesna**, Dimov Aco "Adenotonsillotomy versus adenotonsillectomy in management of upper airway obstructive syndrome in children evaluated by polysomnography", објавен во: Journal of Macedonian Association of Physiologist and Anthropologist - Physioacta, 11(3): 29-39, 2017.

Целта на овај труд е да се утврди степенот на излекување односно решавањето на горноопструктивниот синдром кај децата со примена на ласерската тонзилотомија наспроти класичната хируршка процедура тонзилоаденоидектомија. Направена е компаративна анализа на неколку параметри: намалување на апнеа-хипопнеа индекс (АХИ) постоперативно, времетраење на операциите, интраоперативна загуба на крв, постоперативната болка во првиот постоперативен ден, првата постоперативна седмица, постоперативните компликации односно постоперативно крвавење, постоперативна инфекција и дехидратација, велопалатинална инсуфициенција, времетраење на исчезнувањето на фибринските наслаги, времетраење на болничкиот престој. Аденотонзилотомијата е супериорна во однос на класичната аденотонзелектомијата и ние сметаме дека оваа метода е метода од прв избор за третман на горноопструктивниот синдром (ОСА) кај децата во претшколска возраст.

2. **Petreska-Dukovska Vesna**, Dimov Aco „Management of upper airway obstructive syndrome in children објавен, MMP, Journal of the Macedonian Medical Association: 71(3): 153-159, 2017.

Во овој научен труд е објаснет начинот на третман на горноопструктивниот синдром кај децата. Авторите успеваат да покажат дека покрај бројните хируршки интервенции во решавањето на овој синдром метода на избор претставува намалувањето на хипертрофијата на палатиналнуте тонзили и редукција на телесната тежина кај децата. Трудот има значан придонес во областа на педијатриската оториноларингологија.

3. Trajkova S, Cevreska L, Stojanovic A, Ivanovski M, **Petreska-Dukovska V**, Popova-Labacevska M, Panovska-Stavridis I, "Role of prognostic nomogram and survival index in prognosis and the outcome of patients with chronic lymphocytic leukemia"- A single center experience, World Journal of farmaceutical and medical research, WJPMR, 2018, 4(9), 80-87

(фактор на влијание ИФ-3.0)

Во овој труд е опишана примената на протоколот за стратификација на пациентите со хронична лимфатична леукемија во три групи (низок,среден и висок ризик) кој се применува во MD Andersson Cancer Centar, како предиктор на пет односно 10-годишно преживување и можноста за негова апликација врз пациентите во нашата земја. Авторите наоѓаат негова примена и кај нашите пациенти и успеваат да го интегрираат и кај нас. Со тоа се постигува огромна значајност во областа на лимфопролиферативните заболувања.

4. **Petreska-Dukovska V**, Teovska-Mitrevska N. ,"Case report : Treatment of Rhinophyma with Erbium : YAG Laser", Dermathologyc Therapy, ID DTH – 18-0323
(фактор на влијание ИФ-1.58)

Во овој труд е опишана предноста на ербиум јаг ласерот наспроти co2 ласерот во третамажанот на ринофимата. И покрај предноста не се исклучува употребата со стандардниот co2 ласер, но сепак треба да се даде предност на новиот ербиум јак поради скратеното време на постоперативно закрепнување, намалениот степен на болка и неформирањето на лузна.

**Издвоени презентации на конференции и стручни собири во периодот од 2012 до 2018 год.**

Д-р Весна Петреска-Дуковска во периодот од 2008 до 2018 г. има наведено повеќе презентации на научни конференции и стручни собири (за секој конгрес треба да биде наведен датум и година или барем година):

1. **Петреска-Дуковска В**., Оровчанец Ѓ. „Ендоскопски ласерски пристап во решавање на ларингеални ларингокели" – 3. ОРЛ конгрес со интернационално учество, Охрид, Македонија (16-19.9.2012);
2. **Петреска–Дуковска В.** „Ласерски третман на хипертрофирана лингвална тонзила" – 3. ОРЛ конгрес со интернационално учество, Охрид, Македонија (16-19.9.2012);
3. **Петреска–Дуковска В**, Оровчанец Ѓ. „Мобилен полисомнограф во детекција на горно опструктивен синдром" – 3. ОРЛ конгрес со интернационално учество, Охрид, Македонија (16-19.9.2012);
4. **Петреска-Дуковска В.,** Оровчанец Ѓ. „Оперативен третман на билатерални рекуренс парализи" – 3. ОРЛ конгрес со интернационално учество, Охрид, Македонија (16-19.9.2012);
5. **Петреска-Дуковска В.,** Оровчанец Ѓ. „Употребата на ласерската хирургија во решавањето на тонзиларниот проблем" – 3. ОРЛ конгрес со интернационално учество, Охрид, Македонија (16-19.9.2012);
6. **Петреска-Дуковска В.,** Оровчанец Ѓ. „Трансорална супраглотична ларингектомија со СО2 ласер" – 3. ОРЛ конгрес со интернационално учество, Охрид, Македонија (16-19.9.2012);
7. **Петреска –Дуковска В**., Оровчанец Ѓ. „Ендоскопска аритеноидектомија со СО2 ласер" – 53. ОРЛ недела и интернационални српски ОРЛ конгрес, Белград, Србија (30.9-1.10.2013);
8. **Petreska-Dukovska V.** ”Nasal obstruction in children with sleep disordered breathing". International Rhinoforum, Skopje, Macedonia (21-23.9.2017);
9. **Петреска-Дуковска В.,** Оровчанец Ѓ., „Употреба на минималната инвазивна функционална ендоскопска хирургија во болестите на носот и параназалните синуси" - Симпозиум за риносинузитис, Дојран, Македонија (ноември 2015);
10. **Петреска - Дуковска В.,** „Слип апнеа синдром код деце" – 8. Симпозиум за детска оториноларингологија, мај 2017, Златибор, Србија;
11. **Петреска-Дуковска В,** Оровчанец Ѓ., „Хируршки третман на коморбидитети од алергиски ринитис" - Алерголошки конгрес, април 2014, Охрид, Македонија;
12. Петреска-Дуковска В, Оровчанец Ѓ, Чадиковски В., Петровски Б. „Ендоскопски третман кај постинтубациона субглотична стеноза кај доенче" – 3. ОРЛ конгрес, 1-4.6.2017, Охрид, Македонија;

13. Петреска-Дуковска В. „Аденотонзилотомија наспроти класична тонзилоаденоидектомија во решавање на горноопструктивен синдром" – 3. ОРЛ конгрес, 1-4.6.2017, Охрид, Македонија.

**Позитивно рецензиран универзитетски учебник, поглавје на книга, практикум**

1. **Petreska – Dukovska V**, Stankovic K., Shubarevic V. i sorabotnici "Tonzilarni problem"- Poglavje za sleep apnea sindrom kaj deca - Ucbenik za specijalizante po ORL, Srbija (мај 2017)

Д-р Весна Петреска-Дуковска е член на повеќе научни и стручни здруженија и асоции и тоа:

- во Здружението за ОРЛ на Р Македонија е член на претседателството;
- член на Балканското здружение по ОРЛ и координатор за Македонија;
- во Европското здружение за ОРЛ и хирургија на глава и врат (CEORL-HNS)

претставник од Македонија во Советот на Европската асоцијација за педијатриска асоцијација (ESPO).

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Се прикажуваат активностите кои се составен дел на табелите во Правилникот („Универзитетски гласник").

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Согласно со Законот за високо образование, како и Правилникот за единствените критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип и според анализата на приложената документација Рецензентската комисија констатира дека кандидатката **д-р Весна Петреска-Дуковска** ги исполнува критериумите за да биде избрана во звањето насловен доцент.

Преку евалуација на сите наведени постигнувања кои се однесуваат на наставно-образовната, научноистражувачката, стручно-апликативната и организациско-развојната дејност во периодот од 2012 г. до денес може да се констатира дека д-р Весна Петреска-Дуковска остварува континуиран развој, препознатлива е по својата стручна дејност и постигнувањето значајни резултати во научната област – оториноларингологија.

Рецензентската комисија, едногласно, со особена чест и задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип да го усвои нашиот предлог и Предлог-длуката да ја достави до Универзитетскиот сенат за кандидатката **д-р Весна Петреска-Дуковска** да биде избрана во наставно-научното звање **насловен доцент** за наставно-научната област оториноларингологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**
**Проф. д-р Илија Филипче**, претседател, с.р.
**Проф. д-р Ѓорѓи Оровчанец**, член, с.р;
**Проф. д-р Андреја Арсовски**, член, с.р.

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| Р. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | Вкупно |
| | | број | поени | број | Поени | |
| | | | | | | |
| | Специјалист по оториноларингологија со 6.5 години работно искуство по стекнувањето на специјалистичко звање и 11 години со научен степен доктор по медицина од соодветната област | | | | | |
| | **ВКУПНО** | | | | | |

| Р. бр. | Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | Вкупно |
| | | број | Поени | број | Поени | |
| | | | | | | |
| **3** | Научен труд објавен во списание со ИФ (прв автор) / бр.4 | | | 1 | 15 | 15 |
| **3** | Научен труд објавен во списание со ИФ (четврт автор) / бр. 3 | | | 1 | 5 | 5 |
| **4** | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор) / бр. 1, 2 | | | 2 | 9 | 18 |
| **6** | Пленарно предавање на научен собир/ бр. 8 | 1 | 3 | | | 3 |
| **9** | Учество на научен собир со реферат (постер/усно)/ бр. 1, 2, 3, 4, 5, 6, 11, 12, 13 | 9 | 9 | | | 9 |
| **10** | Одбранета докторска дисертација | 1 | 8 | | | 8 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **11** | Одбранет магистерски труд / одбранет специјалистички труд | 1 | 4 | | | 4 |
| **22** | Студиски престој во странство | | 8 | | | 8 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **70** |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | Вкупно |
| | | **број** | **Поени** | **број** | **Поени** | |
| | | | | | | |
| **2** | Поглавје од книга | | | 1 | 7 | **7** |
| **7** | Пленарно предавање на стручен собир/ бр.10 | | | 1 | 4 | **4** |
| **8** | Учество на стручен собир со реферат (постер/усно)/ бр. 7, 9 | 1 | 0.5 | 1 | 1 | **1.5** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **12.5** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **82.5** |